The European Union's IPA Cross Boarder Programme
for the former Yugoslav Republic of Macedonia

# Preparation, presentation and dissemination of a strategy for sustainable tourism development
# Center for Education and Networking in Tourism - CENET

**Service Contract No. 02-456/9**
**European Union External Actions**
**Financed from the EU General Budget**


**Team Composition:**
**Team Leader/ Key Expert 1: Prof. Saso Korunovski**
**Key Expert 2: Prof. Naume Marinoski**
**Other Experts:**
**Prof. Angela Vasilevska**
**Prof. Cvetko Andreeski**
**Zoran Velkovski**
**Zoran Nikolovski, B.Sc in Tourism**
**Violeta Jankova, Executive Director for Tourism**
**Michael Risteski, MA in Tourism**



**The contents of this report are solely responsibility of Global Project Consulting and can in no way be taken to reflect the views of the European Union**



This project is funded by
the European Union

A project implemented by

# 5 годишен акционен план

на

**Центарот за едукација и истражување на туризмот и вмрежување на заинтересираните страни во развој на туризмот**

**Демир Капија - 2013**

# СОДРЖИНА

1. Основни цели за креирање на тренинг центарот ........ 5
1.1. Определување на тековните форми на едукација за одржлив развој на винскиот туризам ........ 5
1.2. Поставување цели и задачи на тренинг центарот ........ 5
1.3. Определување на приоритети, мерки и активности на тренинг центарот ........ 7
1.4. Определување на ресурси за спроведување на тренинг активности ........ 7
1.5. Идентификација на учесници во едукативниот процес ........ 8
2. Определување на наставната програма за работа во следните пет години ........ 9
2.1. Идентификација на проблемот ........ 9
2.2. Определување на теоретските тренинг активности ........ 10
2.3. Определување на практичната настава за тренинг процесот ........ 11
2.4. Дефинирање на активностите за следните пет години ........ 11
3. Определување на изведувачи и партнери во наставната програма ........ 12
3.1. Преглед на литература за активностите и автори кои се стручни во дадената област ........ 13
3.2. Идентификација на носителите на наставната програма и тренинг активностите ........ 13
3.3. Определување на надворешни соработници со искуство во областа ........ 15
4. Идентификација на вклучени страни во едукативниот процес ........ 15
4.1. Креирање на листа на заинтересирани ........ 15
4.2. Определување на правен интерес на едукацијата ........ 16
4.3. Анализа на тековниот правен интерес ........ 16
Прилог: користена литература за модулите според автори ........ 17

# 1. Основни цели за креирање на тренинг центарот

## 1.1. Определување на тековните форми на едукација за одржлив развој на винскиот туризам

Во Република Македонија има различни форми на едукација од областа на одржливиот развој на винскиот туризам. Постојат неколку факултети кои нудат студиски програми од областа на туризмот. Такви се:

- Факултетот за туризам и угостителство – Охрид при Универзитетот Св. Климент Охридски - Битола,
- Факултет за туризам и бизнис логистика во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип,
- Приватниот Универзитет за Туризам и менаџмент во Скопје и
- Студиската програма за туризам при Природно математичкиот факултет – Скопје во рамки на Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје.
- Винскиот туризам е предмет на изучување и на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје и
- студиската програма за Агротуризам на Биотехничкиот факултет во рамки на Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола.

Покрај застапеноста на едукацијата за оваа област во високото образование, постојат и други, неформални форми на образование за одржлив развој на туризмот и тоа:

- Еден сегмент од винскиот туризам го обработуваат и туристичките водичи и застапници кои имаат неформално образование стекнато преку обуки за туристички водичи и застапници.
- Други обуки организирани преку други институции како Агенција за развој и промоција на туризмот и невладини организации.

## 1.2. Поставување цели и задачи на тренинг центарот

Основна цел на тренинг центарот ќе биде едукација и вмрежување на заинтересирани лица за одржлив развој на туризмот, посебно на винскиот туризам, како и развој на знаењата и научните достигнувања во тој сегмент.

За пренесување на знаењата ќе се користат материјалите дадени со десетте модули креирани во рамки на проектот за основање на Центарот за едукација и истражување на туризмот и вмрежување на заинтересираните страни во развој на туризмот и лозарството, како и други модули согласно потребите на пазарот.

Овие материјалите ќе бидат и предмет на измени во иднина според новите сознанија што ќе ги стекнуваат предавачите за секој модул посебно.

Материјалот од модулите ќе биде предмет на измени и врз основа на барањата и забелешките на учесниците на обуките, но и врз основа на резултатите од самоевалуацијата на работењето на центарот.

Центарот ќе се грижи и за збогатување на литературата од областа на туризмот и угостителството, посебно за делот на винскиот туризам и можностите за негов развој.

Центарот ќе организира и форуми, конференции и други настани со цел вмрежување на субјектите од областа на туризмот, како од двете земји учеснички во проектот, така и од други држави.

## 1.3. Определување на приоритети, мерки и активности на тренинг центарот

- Креирање документација за регистрирање на Центарот за обука во рамки на Образованието за возрасни и аплицирање во Центарот за образование на возрасни во согласност со Законот за образование за возрасни
- Мобилизација на учесници за обуки во центарот за едукација
- Организирање на настава и креирање распоред на настава и активности
- Одржување на наставата и евалуација на резултатите од наставата
- Евалуација на квалитетот на наставата и материјалите за обуки врз основа на мислење на учесниците
- Збогатување на достапната литература за корисниците и сите учесници во наставниот процес

## 1.4. Определување на ресурси за спроведување на тренинг активности

- **Кадровски (вработени во центарот и наставен кадар)**
  Во Центарот за едукација на почеток ќе има три вработени лица: раководител на центарот, секретар на центарот и технички секретар. Како наставен кадар, врз основа на креираните модули за настава ќе бидат ангажирани пет наставници кои и претходно го изготвуваа материјалот за модулите. Помош во работењето на центарот ќе дава и Локалната самоуправа на Општина Демир Капија.
- **Објекти на центарот и простор за едукација**
  - Центарот ќе биде простор за едукација и тренинг, како и за промоција и функционирање на мрежните системи
- Опрема за одржување на настава и работа на тренинг центарот

| | | |
|---|---|---|
| 5.2.1 Декстоп компјутери | По единица | 20 |
| 5.2.2 Лаптоп | По единица | 4 |
| 5.2.3 Безжични интернет модеми | По единица | 5 |
| 5.2.4 Софтвер (Виндоус пакети, антивирус, Адоб, Мајкрософт офис 2007) | По компјутер | 24 |
| 5.2.5 ЛЦД | По единица | 2 |
| 5.2.6 Видео прожектор | По единица | 2 |
| 5.2.7 МФЦ системи | По единица | 4 |
| 5.2.8 Фотокопир | По единица | 1 |
| 5.2.9 Плотер - печатар | По единица | 1 |
| 5.2.1.1 Опрема за симултано преведување | По единица | 1 |
| 5.2.1.2 Дигитален апарат | По единица | 1 |
| 5.2.1.3 Видео камера | По единица | 1 |
| 5.2.1.4 Еркондишн (сплит системи) | По единица | 7 |
| 5.2.1.5 клупи | По единица | 20 |
| 5.2.1.6 столици | По единица | 60 |
| 5.2.1.7 кабинети | По единица | 6 |
| 5.2.1.8 полици | По единица | 12 |
| 5.2.1.9 фотелји | По единица | 6 |
| 5.2.2.1 бироа | По единица | 6 |
| 5.2.2.2 кујнски шанк | По единица | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.2.2.3 телефони | По единица | 8 |
| 5.3 Машини, алати…(според спецификација) | По единица | |
| 5.3.1 кујнска опрема | По пакет | 1 |
| 5.3.2 кујнска маса | По маса | 5 |

- **Наставен материјал – модули**

  Во продолжение ќе бидат дадени насловите на модулите кои ќе се предаваат во тренинг центарот, според распоредот како што се дефинирани во рамки на проектот за отворање на центарот. Редоследот на одржување на настава ќе биде определен од страна на тренинг центарот со посебен акт. Во продолжение следуваат називите на модулите:
  - Модул 1: Развој на одржлив туризам, туризмот како шанса, а не како закана кон природата и традицијата на регионот
  - Модул 2: Развој на туристичките производи
  - Модул 3: Развој, управување и организација на регионалната понуда како туристичка дестинација
  - Модул 4: Управување со туристичката дестинација
  - Модул 5: Храна и пијалаци, (како да се понуди квалитетна домашна храна и пијалаци)
  - Модул 6: Културата како туристички производ
  - Модул 7: Развој на креативни вински и други рути како турисички производ
  - Модул 8: Онлајн продажба како туристички производ
  - Модул 9: Проектен циклус
  - Модул 10: Маркетинг и промоција
  - Покрај овие модули, во согласност со потребите на пазарот, ќе се воведуваат и нови модули за обуки.
- **Правна регулатива**

Работата на центарот за тренинг ќе биде во согласност со Законот за образование на возрасни (Службен весник на РМ, бр 7/08) како и на сите подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон. Центарот за тренинг ќе ги почитува и правилниците креирани за образованието на возрасни и тоа:

- Правилник за содржината и формата на документацијата и евиденцијата која ја водат установите и институциите за образование на возрасните
- Правилник за содржината, формата и постапката на потпишувањето на договорот за следење на програмата за образование на возрасните
- Правилник за називот, содржината и формата на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасните
- Правилник за стандардите, за просторот, опремата на установите и институциите за образование на возрасните
- Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на централниот регистар и на општинскиот регистар за установите и институциите кои реализираат јавно признати програми за образование на возрасните

## 1.5. Идентификација на учесници во едукативниот процес

Учесници во едукативниот процес на Центарот за едукација и истражување на туризмот ќе бидат:

- Вработените во тренинг центарот
- Жителите на Демир Капија и поширокиот регион кои ќе добиваат обуки од областа на одржлив развој на туризмот, посебно винскиот туризам

- Стопанската комора на Флорина, општината и регионот Флорина
- Наставниот кадар кој ќе ги пренесува знаењата од модули изработени за потребите на тренинг центарот
- Општината Демир Капија која е иницијатор за креирање на тренинг центарот и корисник на услугите

# 2. Определување на наставната програма за работа во следните пет години

## 2.1. Идентификација на проблемот

Иако во Република Македонија постојат повеќе студиски програми кои ја третираат проблематиката на развој на туризмот, не постојат центри за едукација кои овозможуваат кратки курсеви кои ќе се одржуваат во текот на еден семестар. Исклучок се обуките за туристички водичи и туристички застапници, но потребата за континуирана едукација на кадар од областа на туризмот не е ограничен само на тие струки.

Туризмот во пределот на Општина Демир Капија е во развој, но не е доволно развиен. Иако има позитивни трендови во последните неколку години, потенцијалите за развој на туризмот во овој регион се големи и недоволно искористени.

Табела 1: Остварени ноќевања во Вардарскиот регион во перодот 2006-2011

**Ноќевања на туристи, по региони, по години**

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски |
| **Вардарски** | 9 518 | 7 417 | 8 969 | 6 561 | 6 022 | 7 839 | 6 741 | 10 487 | 6 930 | 13 207 | 5 666 | 15 473 |

Извор: Државен завод за статистика

Од Државниот завод за статистика може да ги следиме податоците за Вардарскиот регион во кој спаѓа и Општина Демир Капија. Генерално може да се забележи дека бројот на ноќевања на домашните гости во последните пет години е опаднат од 9 518 во 2006-та година на само 5 666 остварени ноќевања во 2011 година. Од друга страна бројот на остварени ноќевања за странските туристи е зголемен двојно, од 7 417 во 2006-та на 15 473 во 2011 година. Потребно е да се направи истражување за ваквите движења.

Табела 2: Број на пристигнати туристи во Вардарскиот регион во перодот 2006-2011

**Туристи во Република Македонија, по региони, по години**

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски | Домашни | Странски |
| **Вардарски** | 4 327 | 3 894 | 4 624 | 3 795 | 3 200 | 4 599 | 4 063 | 5 385 | 4 166 | 6 406 | 3 525 | 8 539 |

Извор: Државен завод за статистика

Ако се анализира и бројот на пристигнати туристи, ќе забележиме дека бројот на домашни гости не се намалил толку колку што е намален бројот на ноќевања кои го оствариле тие туристи. Ако во 2006 година домашните туристи оствариле просечно 1,74 ноќевања, во 2011 оствариле 1,61 ноќевања во домашен турист. Остварените ноќевања за странските туристи во однос на бројот на странски туристи се движат 1,9 во 2006, до 1,81 во 2011. Иако има благо опаѓање на овој однос, самото зголемување на бројот на странски туристи за повеќе од двојно драстично влијае на бројот на остварени ноќевања.

Вардарскиот заедно со североисточниот и источниот регион е туристички најмалку развиен, според податоците од Државниот завод за статистика. Според тоа евидентно е дека постои голем потенцијал за развој на туризмот во овој регион и во поглед на бројот на туристи кои може да се привлечат, така и во однос на бројот на ноќевања кои што може да се остварат.

Знаењата за развој на туризмот и искористување на потенцијалот кој го нуди туризмот треба да се добијат од модулите кои се изработени за потребите на тренинг центарот.

## 2.2. Определување на теоретските тренинг активности

Според количината на материјалот кој е креиран и според планираните активности за секој модул, потребно е да се одржат 6 наставни часови теоретска настава за секој модул. За секој одржан час потребно е да се предаде материјал од 8 страни од соодветниот модул. Предавањата ќе се одржуваат во петок попладне и сабота. За одржување на наставата за сите модули ќе бидат потребни 10 недели предавања и уште две недели за испитување на знаењата на учесниците и спроведување на процесот на самоевалуација на обуката. Во текот на една календарска година, може да се одржат два циклуси на обуки во два семестри.

Полагањето на модулите може да се организира во сесии или континуирано во текот на организирање на наставата во неделите предвидени за испитување на знаењата.

Еден семестар се состои од 15 работни недели. Во продолжение е даден распоред на одржување на активностите по недели.

Табела 3: Распоред на теоретска настава по недели во еден семестар

| **Недела** | **Модул** | **Активност** | **Број на часови** |
|---|---|---|---|
| Прва | Модул 1 | Настава | 6 часови |
| Втора | Модул2 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Трета | Модул 3 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Четврта | Модул 4 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Петта | Модул 5 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Шеста | Модул 1-5 | Испитување на знаењата | 2 |
| Седма | Модул 6 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Осма | Модул 7 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Деветта | Модул 8 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Десетта | Модул 9 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Единаесетта | Модул 10 | Настава 6 часови | 6 часови |
| Дванаесетта | Модул 5-10 | Испитување на знаењата | 2 |
| Тринаесетта | | Евалуација на квалитетот на обуките | 2 |
| Четиринаесетта | Модул 1-10 | Испитување на знаењата | 2 |
| Петнаесетта | Подготовки за нареден семестар | | |

## 2.3. Определување на практичната настава за тренинг процесот

Според количината на материјалот кој е креиран и според планираните активности за секој модул, потребно е да се одржат 4 наставни часови практична настава за секој модул или вкупно теоретска и практична настава од 10 часа. За секој одржан час потребно е да постои дефинирана тема за практична настава или студија на случај која ќе ја разработува наставникот заедно со учесниците во обуката.

Табела 3: Распоред на практична настава по недели во еден семестар

| **Недела** | **Модул** | **Активност** | **Број на часови** |
|---|---|---|---|
| Прва | Модул 1 | Настава | 4 часови |
| Втора | Модул2 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Трета | Модул 3 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Четврта | Модул 4 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Петта | Модул 5 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Шеста | Модул 1-5 | Испитување на знаењата | 2 |
| Седма | Модул 6 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Осма | Модул 7 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Деветта | Модул 8 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Десетта | Модул 9 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Единаесетта | Модул 10 | Настава 6 часови | 4 часови |
| Дванаесетта | Модул 5-10 | Испитување на знаењата | 2 |
| Тринаесетта | | Евалуација на квалитетот на обуките | 2 |
| Четиринаесетта | Модул 1-10 | Испитување на знаењата | 2 |
| Петнаесетта | Подготовки за нареден семестар | | |

## 2.4. Дефинирање на активностите за следните пет години

Генералната распределба на активности на тренинг центарот е дадена во следната табела 4, врз основа на претходно дефинираните активности на тренинг центарот во точка 1.3 и врз основа на дефинираните активности во претходните две точки за организирање на теоретска и практична настава.

Табела 4: Активности на тренинг центарот за период од 5 години

| **Активност** | **Период на спроведување** |
|---|---|
| Регистрација на тренинг центарот според креиран Елаборат во согласност со Законот за едукација на возрасни | До крај на 2013 година |
| Регрутација на прва група заинтересирани учесници | До крај на Јануари 2014 |
| Прв семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Февруари – Јуни 2014 |
| Промоција на Центарот и регрутација на следна група заинтересирани учесници | Август и прва половина на Септември 2014 |

| | |
|---|---|
| Семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Септември – Декември 2014 |
| Промоција на Центарот и регрутација на следна група заинтересирани учесници | Јануари 2015 |
| Семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Февруари – Јуни 2015 |
| Промоција на Центарот и регрутација на следна група заинтересирани учесници | Август и прва половина на Септември 2015 |
| Семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Септември – Декември 2015 |
| Промоција на Центарот и регрутација на следна група заинтересирани учесници | Јануари 2016 |
| Семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Февруари – Јуни 2016 |
| Промоција на Центарот и регрутација на следна група заинтересирани учесници | Август и прва половина на Септември 2016 |
| Семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Септември – Декември 2016 |
| Промоција на Центарот и регрутација на следна група заинтересирани учесници | Јануари 2017 |
| Семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Февруари – Јуни 2017 |
| Промоција на Центарот и регрутација на следна група заинтересирани учесници | Август и прва половина на Септември 2017 |
| Семестар на обуки според понудени модули и податоци од Табелите 3 и 4 и вмрежување на заинтересирани лица и институции од областа на одржлив развој на туризмот | Септември – Декември 2017 |

## 3. Определување на изведувачи и партнери во наставната програма

## 3.1. Преглед на литература за активностите и автори кои се стручни во дадената област

За изработка на модулите ангажирани се шест експерти од различни области и тие се автори на материјалите кои се дадени во модулите. За креирање на овие материјали е користена научна литература од повеќе релевантни автори. Користената литература е дадена во прилог на овој акционен план.

## 3.2. Идентификација на носителите на наставната програма и тренинг активностите

Во продолжение е даден список на модулите со носителите на наставната програма за модулите креирани како основни за Центарот за едукација и соодветните тренинг активностите.

- Модул 1: Развој на одржлив туризам, туризмот како шанса, а не како закана кон природата и традицијата на регионот, носител Проф. д-р Науме Мариноски
- Модул 2: Развој на туристичките производи, Проф. д-р Науме Мариноски
- Модул 3: Развој, управување и организација на регионалната понуда како туристичка дестинација, Проф. д-р Науме Мариноски и Проф. д-р Ангела Василеска
- Модул 4: Управување со туристичката дестинација, Проф. д-р Науме Мариноски
- Модул 5: Храна и пијалаци, (како да се понуди квалитетна домашна храна и пијалаци), Проф. д-р Ангела Василеска
- Модул 6: Културата како туристички производ, Проф. д-р Сашо Коруновски
- Модул 7: Развој на креативни вински и други рути како турисички производ, Проф. д-р Науме Мариноски и Проф. д-р Ангела Василеска
- Модул 8: Онлајн продажба како туристички производ, Проф. д-р Цветко Андреески
- Модул 9: Проектен циклус, Зоран Велковски
- Модул 10: Маркетинг и промоција, м-р Зоран Николоски

Во продолжение се дадени и кратки биографии на носителите на наставната програма и тренинг активностите.

**Проф. Д-р Науме Мариноски, Факултет за туризам и угостителство – Охрид**

Проф. д-р Науме Мариноски е роден 29.08.1954 година во Подгорци. Природно-математички факултет, отсек за географија завршил 1977 година во Белград. Магистрирал на отсекот за туризмолошки науки во Белград во 1981 година, со труд под наслов “Социопсихолошко влијание на туризмот врз селските населби во Охридскиот регион”. Докторската дисертација под наслов “Улогата на туристичките организации и реципиентното население во развојот на туризмот” ја одбранил во 1987 година, на отсекот за туризмолошки науки на Универзитетот во Белград.

За асистент на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид е избран 1985 година, по предметите политика на развој во туризмот, туристичка географија и туристички региони во светот.

Во звање доцент е избран 1987 година по предметот туристичка географија.

Во звање вонреден професор е избран 1992 година, по предметот туристичка географија.

Во звањето редовен професор е избран 1997 година по предметите туристичка географија, основи на туризмот и патнички агенции.

Во трајно звање редовен професор е избран 2002 година по наведените предмети

**Проф. Д-р Сашо Коруновски, Факултет за туризам и угостителство – Охрид**

Во доменот на своите континуирани научни активности, д-р Сашо Коруновски бил организатор, координатор и учесник во поголем број научно-истражувачки, апликативни и авторски проекти. Како истакнат историчар на архитектурата, партиципирал и во многубројни кампањи за археолошко истражување на спомениците на културата, конзервација и ревитализација.
Научна преокупација:

- културно наследство
- заштита на културното наследство
- храна и култура
- историја на архитектура

Универзитетско образование:

- На 05.07.2000 година го стекнува академскиот степен доктор по историја на уметноста на Филозофскиот факултет во Скопје.
- На 09.07.1996 година се стекнал со титулата магистер по историја на уметноста и археологија.
- Дипломира на Архитектонскиот факултет во Скопје, како дипломиран инженер архитект, мај 1989 година

Професионален ангажман:

- избран за помлад асистент на Факултетот за туризам и угостителство –Охрид, на 01.11.1990 година.
- ноември 2000 година избран е за доцент по предметот Културно наследство.
- 2003 година ангажиран како професор од обласa на историја на архитектура на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во јули 2010 е избран за Декан на Факултетот за туризам и угостителство –Охрид

**Проф. Д-р Ангела Василеска, Факултет за туризам и угостителство – Охрид**

Авторот има стекнато *звање Доктор по биотехнички науки* од 2007 година на Биотехнички факултет - Битола, Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола

Области на истражување: *Биотехнологија, Екологија, исхрана, здрава храна.*

Работно место: Доцент на Катедрата по туризам и угостителство – Охрид, Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола.

Предмети кои ги предава:

- "Познавање на стоката со наука за исхрана",
- "Диететика" и
- "Нутрицизам".

Лични вештини и способности: HACCP имплементатор

Авторот има објавено бројни трудови и книги од наведената проблематика и пројавува учество на бројни семинари, работилници и проекти од областа на диететиката, нутрицизмот, биотехнологијата, екологијата, исхраната, здравата храна, вински и рурален туризам и др.

**Проф. д-р Цветко Андреески, Факултет за туризам и угостителство – Охрид**

Авторот е доктор на науки од областа на Компјутерското системско инженерство. Докторирал на Електротехничкиот факултет – Скопје.

Области на истражување: Информациски технологии, актуарство

Работно место: Наставник на Факултетот за туризам и угостителство по предметите Информациони технологии, Актуарство

Автор е на повеќе научни трудови и книги од соодветните области. Учествува на бројни конференции, семинари и работилници од областа на компјутерската техника, информационите технологии и актуарството.

**Зоран Велковски, Global Project Consulting – Skopje**

Авторот делува како самостоен консултант и бил ангажиран во повеќе проекти како проект менаџер, проект координатор, оценувач на проекти финансирани од ЕУ, UNDP , USAID. Исто така има и повеќегодишно корпоративно искуство во странство, во Данска и Албанија.

### 3.3. Определување на надворешни соработници со искуство во областа

Центарот за едукација ќе соработува со повеќе надворешни соработници со долгогодишно искуство во разни области кои се од интерес за истражување на туризмот. Сите наставници на модулите се надворешни соработници на центарот. Центарот ќе со работува и со други надворешни соработници со искуство во областа според потребите за функционирање на центарот.

# 4. Идентификација на вклучени страни во едукативниот процес

## 4.1. Креирање на листа на заинтересирани

Учесници во едукативниот процес на Центарот за едукација и истражување на туризмот ќе бидат:

- Вработените во тренинг центарот
- Жителите на Демир Капија и поширокиот регион кои ќе добиваат обуки од областа на одржлив развој на туризмот, посебно винскиот туризам
- Наставниот кадар кој ќе ги пренесува знаењата од модулите изработени за потребите на тренинг центарот
- Општината Демир Капија која е иницијатор за креирање на тренинг центарот и корисник на услугите

- Стопанската комора на Флорина, општината и регионот Флорина кои заедно со Општината Демир Капија се креатори на тренинг центри од областа на туризмот
- Крајни корисници ќе бидат и давателите на услуги од областа на туризмот и угостителството во поширокиот регион на Општина Демир Капија и Општина Флорина - Грција. Центарот за едукација ќе соработува со овие даватели на услуги и ќе иницира пренос на знаење од областа на одржлив развој на туризмот.

## 4.2. Определување на правен интерес на едукацијата

Правен интерес според дефиниција е: Можност за добивање на предност во областа, креирање профит, добивање права, законска препознатливост, како и правен назив.
Центарот за едукација ќе биде единствен таков центар во поширокaта околина на Вардарскиот регион и ќе биде креиран со поддршка од локалната самоуправа и во согласност со Законот за образование на возрасни. Според тоа, ќе ги има сите права кои се определени со овој закон, како и можност за организирање на обуки од областа на одржливиот развој на туризмот, посебно винскиот туризам, и сите останати сегменти од функционирање на центарот кои се дадени во неговите акти.
Центарот ќе ги покрива трошоците за работење врз основа на обуките кои ќе ги организира за заинтересирани лица и институции, врз основа на аплицирање на проекти од областа на функционирање и врз основа на донации.

## 4.3. Анализа на тековниот правен интерес

Основањето на центарот за едукација е врз основа на претходна апликација на Општината Демир Капија и Општина Лерин од Република Грција за ИПА проект. Апликацијата е прифатена и доделени се средства за креирање на основите на центарот. Основни цели на ИПА проектот беа:

- Креирање на десетте модули за одржлив развој на туризмот
- Креирање на прирачник за одржлив развој на туризмот и овој 5-годишен акционен план, како и
- Одржување на 8 семинари

## Прилог: користена литература за модулите според автори


Cravens, D.W. and Piercy, N.F. (2006).*Strategic Marketing,* New York:McGraw-Hill.

Christou, E. (2011). *Tourism destination loyalty and visitors' emotional satisfaction,* Thessaloniki

Flaneri, J. (2009). *National Strategy for Tourism Development 2009 – 2013*. Government of Macedonia–legal document, Skopje

Garrod, B. (2005). "Managing visitor impacts", in Fyall, A., Garood, B. and Leask, A. (Ed.), *Managing Visitor Attractions,* Oxford:Elsevier,UK: 124 – 139.

Korunovski, S. (2006), *Cultural Heritage*, FTU, Ohrid, MK

Krippendorf.J. (1986).*Putucujecovjecanstvo*, Zargreb: SNL – Zavodzaistrazivanjeturizma.

Marinoski, N. (2010), *Basics of Tourism Theory and Practice*, FTU, Ohrid, MK

Marinoski, N. (2012).*Tourism Geography*, FTU, Ohrid

Marinoski N., Angelevska – Najdevska K. (2012) *Alternative forms as a development base of tourism,* International tourism conference, Corfu, Greece

Marinoski, N., Korunovski, S. (2008), *MKD: Land of Tourism*, Skopje:INA Commerce.

Marinoski, N., Korunovski, S. (2011)*Cultural tourism in Ohrid as a selective form of the tourism development*, XI annual conference on Tourism, Ohrid, Macedonia

Marinoski, N., Korunovski, S. (2011)*Cluster approach in contemporary planning of tourism in the Republic of Macedonia,* Conference paper*,* Opatija

Marinoski, N., Risteski, M. (2011) T*ransport communication in the function of tourism development in the south – west planning region of the republic of Macedonia,* Conference paper, Varna, Bulgaria

Ministry of Environment and Spatial Planinng(2004).*Spatial Plan of the Republic of Macedonia* – legal document for development no. 4/96, 28/97, 53/01, 45/02, Skopje: Official Journal.

Pedersen, A. (2002),*ManagingTourismat World HeritageSites:a PracticalManualfor World HeritageManagers*, UNESCO,World HeritageCentre, Paris.

Pronatura Struga, GTZ (2010). *Alternative forms of Jablanica Mountain*, Struga.

"Spatial Plan of the Republic of Macedonia" (2004), Ministry of Environment and Spatial Planinng – legal document for development – Official Journal of the Republic of Macedonia no. 4/96, 28/97, 53/01, 45/02, Skopje, MK.

Watson, S. and McCracken, M. (2005), "Visitor attractions and human resources management", in Fyall, A., Garood, B. and Leask, A. (Ed.), *Managing Visitor Attractions,* Elsevier, Oxford, UK, 171-184.

Мариноски, Н. (1996) *Македонска туристичка разгледница,* Институт за туризам и угостителство – Охрид, Охрид

Мариноски, Н. (2001) *Туристичка географија на Република Македонија,* Институт за истражување на туризмот – Охрид, Охрид

Мариноски, Н. (2010) *Програма за развој на Југозападниот плански регион 2010 - 2015,* ГТЗ РЕД Програма за економски регионален развој во Македонија

Проект за реформа на деловната средина и институционално зајакнување (БЕРИС проект) (2011) *Завршен извештај за техничка помош за Ревизија и имплементација на Националната стратегија за развој на туризмот на Република Македонија 2009-2013*, Охрид

Jason Miletsky, (2010) Principles of Internet Marketing, Cengage Learning

Nielsen Global Survey for Online Shoping, Q3 2011, www.nielsen.com

Sismanidou A., Palacios M., Tafur J. (2008) *The failure of Global Distribution Systems New Entrants (GNEs) to offer a true alternative to traditional GDSs: myth, reality and opportunity*, 12th Air Transport Research Society World Conference. ATRS 2008, 06/07/2008-10/07/2008, Atenas (Grecia).

Noroozi A., Fotouhi Z., (2010) *The Influence of Semantic Web on Decision Making of Customers in Tourism Industry*, International Journal of Information Science and Management (IJISM)

Stefan B., Zvonko K., (2005) *Information and Communication Technology in tourism*, University of Primorska

Pease, Wayne and Rowe, Michelle (2005) *An overview of information technology in the tourism industry.* ITS Africa-Asia-Australasia Regional Conference - ИКТ Networks - Building Blocks for Economic Development, 28-30 Aug 2005, Perth, Western Australia

Josef Zelenka, (2009) Information and Communication Technologies in Tourism – Influence, Dynamics, Trends, Ekonomie a Management pp. 123-132

Anand N., Deepa M., (2003) *Role of Information technology in Tourism*, Indian Institute of Information Technology and Management

V. Jovanovic, A. Njegus., (2008) *The Applications of GIS in Tourism and Its Components,* Yugoslav Journal of Operations Research, Vol. 18, DOI: 10.2298/YUJOR0802261J

В. Какуринов, (2012): Прирачник за начините на уредување на квалитетотот на земјоделски производи и нивни преработки, МАССП

Какуринов, В., (2012): Прирачник за заштита на традиционалните прозводи. МАССП

Хорнси, И., (2007):Хемија и биологија на производство на вино, Арс Ламина ДОО.

Зуклин, Б., Фугелсанг, К., Гамп, Б., Нурај, Ф., (2009): Анализа на производство на вино, АД ВЕРБУМ, Скопје.

Шољакоски, А., (2007):Вино, “Култура” а.д. Скопје.

Речкоска, Г., (2007): Познавање на стоката со наука за исхрана и основи на технологија, ЦНИР, ФТУ-Охрид.

Речкоска, Г., Василеска, А., (2007): Нутрицизам, ЦНИР, ФТУ-Охрид.

Хол, Д., Киркпатрик, А., М. Мичел., (2011): Рурален туризам и одржлив бизнис, Арс Ламина ДОО.

Халидеј, Џ., Џонсон, Х., (2011): Уметноста и науката за виното, Арс Ламина ДОО.

Маргалит, Ј., (2004): Концепти во технологија на вино, Арс Ламина ДОО.

Вајн, Р., (2012): Почитување на виното, Арс Ламина ДОО.

Нацрт стратегија за лозарство и винарство (2010 – 2015)

Национална стратегија за рурален туризам 2012-2017, Министерство за економија, Сектор за Туризам на РМ.

Факти и бројки 2010, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Сектор за анализа на земјоделска политика.

Национална стратегија со акционен план за органско земјоделство на Република Македонија 2008 – 2011. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО.

Ružić, P., (2011): Innovative forms of wine distribution and sales in Istrian tourism, Institut za poljoprivredu i turizam Poreč.

ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОРГАНСКИ ПРЕРАБОТЕНА ХРАНА, „Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09.